РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2883/2
18.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 8. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 8. Јавна седница на Советот. Седницата почна во 12:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Образложение од ТРД Протел ДООЕЛ Пробиштип, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.

2. Разно.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, констатира дека на седницата не е присутен претставник на Трговското радиодифузно друштво Протел ДООЕЛ Пробиштип, преку видеоконференциска врска. Имајќи предвид дека, согласно законот, седницата е наменета за образложение од страна на медиумот во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери, а поради отсуство на негов претставник, претседателот ја затвори седницата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**